# Пушка пукна Јагодо




Пушка пукна, Јагодо,
Па ми јудри, Јагодице,
Па ми јудри најдобриот јунак (2 п.)

Јунак викна, Јагодо,
И провикна, Јагодице,
Дека паднам, тук' да ме заројте. (2 п.)

На главата, Јагодо,
Посадите, Јагодице,
На главата, лозје посадите (2 п.)

На нозите, Јагодо,
Извадите, Јагодице,
На нозите, чешма извадите. (2 п.)

Кој е гладен, Јагодо,
Грозје да се назобе,
Кој е жеден, вода да с' напие. (2 п.)

Петкана Мацункова со група жетварки од село Рожден—Тиквешко, 1938 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.